# ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.62 од 28.07.2005 година**

## Општи одредби

### Член 1

Со овој закон се уредуваат основањето, организацијата и работењето на Агенцијата за енергетика на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција).

## Основање

### Член 2

Агенцијата се основа заради поддршка во спроведувањето на енергетската политика во Република Македонија.

## Правен статус

### Член 3

Агенцијата има својство на правно лице.
Агенцијата е самостојна во својата работа.
Полниот назив на Агенцијата е Агенција за енергетика на Република Македонија.
Скратен назив на Агенцијата е АЕРМ.
Седиштето на Агенцијата е во Скопје.
Агенцијата отвора сметка во рамки на Трезорската сметка на Буџетот на Република Македонија.

## Надлежности на Агенцијата

### Член 4

Поддршката во спроведувањето на енергетската политика од членот 2 на овој закон, Агенцијата ќе ја остварува преку ангажирање во врска со:
1. Подготовка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови
- развива и одржува база на податоци за енергијата во Република Македонија,
- ги следи и анализира состојбите во енергетиката, како и состојбите за одржлив енергетски развој,
- следи и прибавува информации за развојот на потребите во енергетиката и можностите за нивно задоволување од извори во Република Македонија и од надворешни извори,

- се ангажира во врска со изготвувањето на студии, развојни планови и стратегии во енергетиката на среден и долг рок,
- се ангажира за вградување на аспектите за заштита на животната средина и природата при изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови во енергетиката и
- развива и одржува промотивни активности;
2. Подготовка на долгорочни и краткорочни програми
- се ангажира во врска со подготвувањето на долгорочните програми за период подолг од десет години, кои од страна на министерот за економија се доставуваат за донесување од страна на Владата на Република Македонија. Долгорочните програми претставуваат генерална концепција за развојот на енергетиката, енергетската ефикасност и примената на обновливите извори на енергија со потенцијални долгорочни цели и планирани средства за нивно постигнување,
- се ангажира во врска со подготвувањето на краткорочните програми за период од една до три години, врз основа на долгорочните програми и
- соработува со надлежното министерство за работите од областа на енергетиката за успешна имплементација на проектите и мерките од долгорочните и краткорочните програми, во соработка со локалната власт, стопански субјекти, потрошувачки здруженија и други непрофитни организации и за имплементацијата на програмите поднесува годишни извештаи на министерот за економија.
Програмите ги содржат целите, начините за нивно постигнување, мерки за енергетска ефикасност и зголемена примена на обновливите енергетски извори, рокови за реализација, индикатори за постигнување на резултатите, како и други потребни активности;
3. Енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ)
- дава иницијативи, предлага и координира изработка на студии и проекти за ЕЕ и користење на ОЕИ,
- соработува со надлежното министерство за работите од областа на енергетиката за имплементација на акциониот план за реализација на Стратегијата за ЕЕ на Република Македонија,
- предлага и се ангажира за спроведување на мерките за намалување на загубите на енергија во енергетските системи и зголемување на ефикасноста во експлоатацијата,
- го поттикнува користењето на ОЕИ (сончева енергија, енергија на ветерот, геотермална енергија, енергија добиена од биомаса итн.),
- издава зелени сертификати на производителите на електрична енергија од ОЕИ и води регистар на издадени сертификати,
- промовира методи за штедење на енергијата со користење на енергетски поефикасни техники и технологии, супституција на енергентите и за подигнување на свеста на корисниците за рационално користење на енергијата,
- промовира методи за ефикасно и економично искористување на енергијата и енергетските системи и
- предлага и се ангажира за вградување на мерки за заштита на животната средина во енергетските проекти;

4. Подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти
- ги анализира состојбите, можните решенија на одделни проблеми во енергетиката и врши оцена на приоритетите од инвестициони проекти,
- подготвува и предлага можни проекти за потенцијални инвеститори,
- врши оцена на проектите од аспект на економската одржливост,
- соработува со надлежното министерство за работите од областа на енергетиката во подготовката за реализација на инвестициони проекти од технички и финансиски аспект и
- ги советува потенцијалните инвеститори за условите за реализација на инвестициони проекти;
5. Регионална соработка и координација на регионални проекти
- се ангажира за регионалната соработка на полето на енергетиката,
- се ангажира во врска со имплементацијата на регионалните проекти и
- учествува во процесот на утврдување на приоритетните инфраструктурни објекти во регионот;
6. Подготовка на предлози на законски, подзаконски акти и технички прописи, од областа на енергетиката
- подготвува предлози на законски и подзаконски акти, технички и други прописи, предлага усвојување на соодветни стандарди и
- во подготовката на актите од алинејата 1 на оваа точка, соработува со надлежните министерства, стопански субјекти, невладини здруженија и други непрофитни асоцијации и
7. Извршува и други активности од областа на енергетиката, утврдени со закон.

## Принципи на работење на Агенцијата

### Член 5

Работењето на Агенцијата се заснова на следниве принципи:
1) законитост;
2) стручност;
3) професионалност;
4) транспарентност и
5) одговорност за работењето.

## Органи на Агенцијата

### Член 6

Органи на Агенцијата се Управниот одбор и директорот.

## Управен одбор

### Член 7

Со Агенцијата управува Управен одбор на Агенцијата кој се состои од пет члена.

Членовите на Управниот одбор на Агенцијата ги именува и разрешува Владата на Република Македонија, имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.
Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години, со можност за уште еден реизбор.

**Член 8**

Четири члена на Управниот одбор се именуваат на предлог на Министерството за економија, и тоа два члена од редот на вработените во Министерството за економија и два надворешни члена, а еден член се именува на предлог од Министерството за финансии, од редот на вработените во Министерството за финансии.
Управниот одбор, од редот на членовите, именува претседател на Управниот одбор на првата конститутивна седница.

## Надлежности на Управниот одбор

**Член 9**

Управниот одбор на Агенцијата ги има следниве надлежности:
1) донесува статут на Агенцијата;
2) донесува годишна програма за работа, годишен финансиски план, годишен извештај и годишна финансиска сметка на Агенцијата;
3) именува и разрешува директор на Агенцијата;
4) ги утврдува критериумите за располагање со средствата остварени со работењето на Агенцијата;
5) ги донесува општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата и
6) врши и други активности согласно со закон и Статутот.

## Директор на Агенцијата

**Член 10**

Со работата на Агенцијата раководи директор.
Именувањето на директорот се врши преку јавен оглас.
Право на учество на јавниот оглас имаат лица кои ги исполнуваат општите услови за засновање на работен однос и следниве посебни услови:
- завршено најмалку високо образование,
- најмалку пет години работно искуство во областа на енергетиката и
- најмалку три години работно искуство на раководно место.

Мандатот на директорот трае четири години со право на повторен избор.

**Член 11**

Директорот на Агенцијата ги врши следниве работи:
1) ја претставува и застапува Агенцијата;
2) ја организира работата и раководи со стручната служба на Агенцијата;
3) предлага годишна програма за работа на Агенцијата до Управниот одбор на Агенцијата;
4) ги извршува одлуките на Управниот одбор;

5) се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства;
6) врши усогласување на активностите на Агенцијата;
7) предлага годишна програма за работа, годишен финансиски план, годишен извештај и годишна финансиска сметка на Агенцијата;
8) ги предлага општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата;
9) донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи;
10) се грижи за соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници и
11) врши и други работи утврдени со закон и Статутот на Агенцијата.

**Член 12**

Директорот одговара за работата и законитоста на работата на Агенцијата пред Управниот одбор.

**Конфликт на интерес**

**Член 13**

Членовите на Управниот одбор и директорот се должни на почетокот на секоја година, да депонираат изјава за постоење или непостоење на конфликт на интереси.

Лицата од ставот 1 на овој член не смеат да учествуваат во активности доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење на заемен интерес со лицата кои аплицираат за реализација на проектите.

За целите од ставот 1 на овој член, интересот се смета за материјален доколку членовите на Управниот одбор, директорот и членовите на нивните семејства остваруваат материјална корист.

Доколку лице од ставот 1 на овој член премолчи постоење на материјален интерес во согласност со овој член надлежниот суд, на барање на Агенцијата и на други заинтересирани субјекти, може да го поништи договорот или правната работа.

**Стручни, административно-технички, помошни и други работи**

**Член 14**

Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата ги врши стручната служба на Агенцијата.

За остварување на активностите од членот 4 на овој закон, Агенцијата може, врз основа на договор, да користи и услуги на специјализирани организации и физички лица, од земјата и странство, согласно со закон.

Начинот и условите за избор на давателите на услуги од ставот 2 на овој член поблиску се определува со посебен акт на Агенцијата.

## Разрешување од вршење на функција

**Член 15**

Член на Управниот одбор и директорот се разрешуваат во следниве случаи:
- по истекот на мандатот,
- на негово барање,
- на сторено кривично дело за кое му е изречена казна затвор во траење од повеќе од шест месеца,
- во случај на спреченост поради болест во траење повеќе од шест месеца непрекинато,
- кога работи спротивно на одредбите од овој закон и
- во други случаи предвидени со закон.

## Средства за основање и вршење на дејноста

**Член 16**

Средствата за основање на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Средствата за вршење на дејноста на Агенцијата се обезбедуваат од следниве извори:
- трансфер од Буџетот на Република Македонија за извршување на активностите утвр-дени во годишната програма за работа на Агенцијата,
- приходи од вршење на други активности од областа на енергетиката,
- донации и
- други извори согласно со закон.

## Статут на Агенцијата

**Член 17**

Со Статутот на Агенцијата поблиску се уредува:
1) внатрешната организација и начинот на работење на Агенцијата;
2) начинот на извршување на активностите во делокругот на Агенцијата;
3) правата, должностите и одговорностите на вработените и
4) други прашања.

**Член 18**

На Статутот, годишната програма за работа, годишниот финансиски план, годишниот извештај и годишната финансиска сметка на Агенцијата согласност дава Владата на Република Македонија.

## Надзор и извештаи

### Член 19

Надзор врз работата на Агенцијата врши Министерството за економија.

Агенцијата најмалку два пати годишно до Министерството за економија и до Владата на Република Македонија доставува извештај за своето работење и за користење на средствата.

## Преодни и завршни одредби

### Член 20

Агенцијата почнува со работа со денот на именувањето на членовите на Управниот одбор.

Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги именува членовите на Управниот одбор.

Управниот одбор во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање го донесува Статутот на Агенцијата.

Управниот одбор во рок од 60 дена од денот на неговото конституирање го именува директорот на Агенцијата.

### Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".